Врз основа на член 30 став 1, алинеја 2 од Законот за трговија (" Службен весник на Република Македонија " бр. 16/04, 128/06, 63/07, 88/08, 159/08, 20/09, 99/09, 105/09, 115/10, 158/10, 36/11, 53/11, 148/13, 164/13 ,97/15, 129/15, 53/16 и 120/18), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 23 март 2020 година донесе

**О Д Л У К А**
**за изменување и дополнување на Одлуката за определување на највисоките цени на одделни производи во трговијата на големо и трговијата на мало**

**Член 1**

Во Одлуката за определување на највисоките цени на одделни производи во трговијата на големо и трговијата на мало („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 70/20), во членот 1 по зборовите "лична хигиена" сврзникот " и " се заменува со запирка и се додаваат зборовите " потрошен медицински материјал, медицинска опрема и апарати и ".

По ставот 2 се додава нов став 3, кој гласи:
"По исклучок од ставот 2 на овој член, за производите чија увозна цена е повисока од највисоката цена што се применувала на 11 март 2020 година, треба да се користи трговската маржа која ја применувале на 11 март 2020 година".

**Член 2**

Во членот 2 зборовите "ќе се применуваат до 30 април 2020 година" се заменуваат со зборовите: "ќе важи до завршувањето на траењето на вонредната состојба на територијата на Република Северна Македонија".

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија.

**Бр. 44-2441/1**
**23 март 2020 година**
**Скопје**

**ЗАМЕНИК НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**м-р Радмила Шекеринска Јанковска**

Подготвил: д-р Стефан Волкановски
Зорица Стојановиќ
Проверил: Љубица Р. Димовска / Снежана М. Пендовски
Зоран Брњарчевски / Ирма Мандева
Контролирал: Дејан Јакимовски
Согласен: Митра Спасовска
Одобрил: д-р Драги Рашковски